**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 20 ноември 2020 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Северна Македонија: октомври 2020 година

– Во октомври, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])**, забележа месечен пад од 0,2%, којшто во целост произлегува од намалувањето на депозитните пари, во услови кога готовите пари во оптек, долгорочните депозити до две години и краткорочните депозити остварија раст на месечна основа. Паричната маса на годишна основа е зголемена за 7,3%, во најголем дел како резултат на растот на депозитните пари, при помал раст на готовите пари во оптек и краткорочните депозити, додека долгорочните депозити до две години забележаа пад.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[3,4] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 9.2020 | 10.2020 | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 9.2020 | 10.2020 | 9.2020 | 10.2020 |
| **Парична маса М4** | **418,499** | **427,071** | **438,662** | **455,411** | **469,050** | **468,480** | **11.7** | **10.5** | **10.8** | **9.3** | **6.9** | **6.6** | **0.6** | **-0.1** |
| **Парична маса М3** | **372,833** | **379,982** | **388,869** | **404,028** | **418,556** | **417,880** | **10.4** | **9.2** | **9.9** | **8.2** | **7.6** | **7.3** | **0.6** | **-0.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 31,236 | 32,554 | 33,368 | 36,108 | 41,667 | 41,928 | 9.0 | 9.7 | 8.8 | 12.0 | 24.9 | 26.9 | -0.1 | 0.6 |
| **Вкупни депозити** | **377,800** | **386,461** | **394,472** | **410,794** | **418,644** | **417,862** | **11.1** | **10.5** | **10.1** | **9.5** | **6.1** | **5.5** | **0.7** | **-0.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 96,147 | 99,456 | 104,178 | 111,948 | 112,505 | 112,345 | 12.1 | 10.1 | 11.1 | 14.6 | 8.0 | 6.9 | 1.1 | -0.1 |
| *Во денари* | 66,691 | 71,021 | 75,566 | 81,911 | 79,641 | 78,665 | 11.1 | 13.5 | 11.7 | 17.9 | 5.4 | 4.9 | 2.6 | -1.2 |
| *Во странска валута* | 29,456 | 28,434 | 28,613 | 30,036 | 32,865 | 33,680 | 14.4 | 2.6 | 9.4 | 6.4 | 14.9 | 11.7 | -2.3 | 2.5 |
| Домаќинства | 253,748 | 258,100 | 262,458 | 272,605 | 278,469 | 277,799 | 8.7 | 9.0 | 9.3 | 7.9 | 6.1 | 5.6 | 1.0 | -0.2 |
| *Во денари* | 131,901 | 135,492 | 137,346 | 146,231 | 145,806 | 144,715 | 9.6 | 11.8 | 12.0 | 10.4 | 6.2 | 5.2 | 1.3 | -0.7 |
| *Во странска валута* | 121,847 | 122,609 | 125,113 | 126,374 | 132,663 | 133,085 | 7.7 | 6.0 | 6.4 | 5.2 | 6.0 | 6.1 | 0.6 | 0.3 |
| **Вкупни кредити** | **324,798** | **330,726** | **328,970** | **341,389** | **352,824** | **353,917** | **9.0** | **8.1** | **5.6** | **6.0** | **7.3** | **6.7** | **0.8** | **0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 164,734 | 165,305 | 159,764 | 167,952 | 168,086 | 167,889 | 8.2 | 6.4 | 1.7 | 1.9 | 5.2 | 4.4 | 0.3 | -0.1 |
| *Во денари* | 103,142 | 103,308 | 99,250 | 103,591 | 101,925 | 102,245 | 10.3 | 8.8 | 3.6 | -0.8 | 2.7 | 2.9 | 0.5 | 0.3 |
| *Во странска валута* | 61,592 | 61,997 | 60,514 | 64,361 | 66,161 | 65,645 | 5.0 | 2.5 | -1.5 | 6.6 | 9.3 | 7.0 | 0.0 | -0.8 |
| Домаќинства | 158,550 | 163,963 | 167,528 | 172,014 | 183,431 | 184,636 | 9.7 | 9.9 | 9.5 | 10.5 | 9.5 | 9.0 | 1.2 | 0.7 |
| *Во денари* | 88,854 | 91,492 | 92,821 | 95,075 | 103,939 | 104,927 | 12.9 | 11.4 | 9.6 | 10.0 | 12.0 | 11.9 | 1.6 | 1.0 |
| *Во странска валута* | 69,697 | 72,471 | 74,706 | 76,939 | 79,492 | 79,710 | 6.0 | 8.0 | 9.3 | 11.0 | 6.4 | 5.4 | 0.8 | 0.3 |

Извор: НБРСМ.

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.
[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf
[3] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 па наваму се под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.
[4] Податоците за монетарните агрегати, како и вкупните депозити и кредити заклучно со август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

– Кај **вкупните депозити**[5], во октомври, е остварен пад од 0,2% на месечна основа, којшто во поголем дел се должи на намалувањето кај депозитите на секторот „домаќинства", при поумерено намалување и кај депозитите на корпоративниот сектор. На годишна основа, вкупните депозити бележат пораст од 5,5%, како резултат на зголемувањето на депозитите кај двата сектора, со поголем придонес на секторот „домаќинства".

– Во октомври, **вкупните кредити**[6] забележаа месечен раст од 0,3%, којшто целосно се должи на повисокото кредитирање на „домаќинствата", при пад на кредитирањето на корпоративниот сектор. Годишната стапка на раст на кредитите изнесува 6,7% и е под влијание на зголеменото кредитирање на двата сектора, со повисоко учество на секторот „домаќинства".







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРСМ

[5] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик започна да се применува од 1. јули 2019 година со што ефектот од споредбената основа се исцрпи во јули 2020 година. Оттука, разликите во годишните стапки на промена на кредитите со и без ефектот од извршените отписи се незначителни, поради што од августовското соопштение натаму овие споредби се прекинуваат.

[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Вкупните **депозити на корпоративниот сектор,** во октомври, се намалени за 0,1%, на месечна основа. Надолната месечна промена произлегува од падот кај депозитните пари и краткорочните депозити во денари, во услови на раст кај останатите компоненти. Во споредба со истиот период од претходната година, растот на депозитите изнесува 6,9% и се објаснува со зголемувањето на депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута, при пад на краткорочните и долгорочните депозити во денари.

– Овој месец, **кредитите на корпоративниот сектор**[8] забележаа минимален месечен пад од 0,1%, којшто е резултат на намалените кредити одобрени во странска валута, додека кредитите во денари бележат раст. Анализирано на годишна основа, кредитите на корпоративниот сектор се зголемени за 4,4%, како резултат на зголеменото кредитирање во денари и странска валута, со поизразен придонес на кредитите во странска валута.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




Извор: НБРСМ.

[8] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
[9] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

- Во октомври, вкупните **депозити на домаќинствата** забележаа месечен пад од 0,2%, којшто во поголем дел произлегува од намалувањето на депозитните пари, при остварен пад и кај долгорочните и краткорочните депозити во денари, во услови на раст на долгорочните и краткорочните депозити во странска валута. На годишна основа е остварена стапка на раст од 5,6%, којашто произлегува од растот на депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута, додека останатите компоненти бележат пад.

- Кај вкупните **кредити на домаќинствата**, во октомври, е евидентиран месечен и годишен раст од 0,7% и 9,0%, соодветно. Анализирано по валута, нагорните месечни и годишни промени во најголем дел произлегуваат од денарските кредити (учество од 81,9% и 73,1%, соодветно).







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 9.2020 | 10.2020 | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 9.2020 | 10.2020 | 9.2020 | 10.2020 |
| Потрошувачки кредити | 82,324 | 86,335 | 89,042 | 92,430 | 97,850 | 98,208 | 10.9 | 12.0 | 12.8 | 14.6 | 9.9 | 8.8 | 1.3 | 0.4 |
| Станбени кредити | 46,477 | 47,785 | 49,116 | 51,338 | 55,985 | 56,603 | 13.6 | 12.9 | 11.9 | 12.7 | 14.0 | 14.2 | 1.5 | 1.1 |
| Автомобилски кредити | 319 | 320 | 316 | 316 | 291 | 283 | 0.4 | 4.0 | 4.8 | 1.4 | -7.9 | -9.8 | 1.7 | -2.6 |
| Кредитни картички | 12,113 | 12,007 | 11,956 | 11,928 | 11,649 | 11,585 | -0.4 | -1.5 | -2.3 | -2.6 | -2.6 | -3.6 | 0.7 | -0.5 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,830 | 6,850 | 7,043 | 6,123 | 6,280 | 6,489 | 8.4 | 2.7 | 2.3 | -1.7 | -10.8 | -9.2 | 2.1 | 3.3 |
| Други кредити | 4,252 | 4,217 | 4,194 | 4,118 | 3,912 | 3,887 | -6.2 | -8.2 | -8.2 | -10.6 | -6.7 | -6.8 | -0.5 | -0.7 |

Извор: НБРСМ.

– Анализирано од аспект на намената на кредитите одобрени на физичките лица, најзастапените категори – **потрошувачките и станбените кредити**, во октомври, забележаа месечно зголемување од 0,4% и 1,1%, соодветно, како и годишен раст од 8,8% и 14,2%, соодветно. Кај **автомобилските кредити**, овој месец е остварен месечен и годишен пад од 2,6% и 9,8%, соодветно, додека кредитите одобрени на **кредитни картички** се намалени за 0,5% и 3,6%, на месечно и годишно ниво, соодветно. Во октомври, **негативните салда на тековните сметки** бележат месечен раст од 3,3%, додека на годишна основа тие се намалени за 9,2%. Кај кредитите одобрени врз **други основи** е забележан месечен и годишен пад од 0,7% и 6,8%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 декември 2020 година (референтен пресек заклучно со ноември 2020).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).